Република Македонија
Општина Новаци
бр. 04-926/22
10-12-2019 год
Новаци

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02), Записникот на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник во спроведување на интервју бр.04-926/21 од 10-12-2019 година и Финалната ранг листа и предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат, Секретарот на Општина Новаци донесе:

**О Д Л У К А**

**За избор на прво рангиран кандидат по Интерен оглас бр. 01/2019**

1. За работното место УПР 01 01 В01 000 Советник за буџетско и финансиско-материјално работење во Одделение за финансиски прашања во Општина Новаци, по Интерен оглас бр.01/2019, се избра прво рангираниот кандидат **Елена Николовска** од Битола.
2. По конечноста на Одлуката ќе се донесе Решение за унапредување на административен службеник.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за селекција за унапредување по Интерен оглас бр. 01/2019 формирана од Секретарот на Општина Новаци` со Решение бр. 04-926/16 од 28.11.2019 година по Интерен оглас бр.01/2019 за унапредување на административен службеник во Општина Новаци, објавен на веб страната на Општина Новаци и на веб страната на Агенција за администрација, на ден 25-11-2019 година спроведе административна селекција за што состави Записник бр. 04-926/20 од 10-12-2019 година по што се пристапи кон Интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите за унапредување по Интерниот оглас бр.01/2019, за што се состави Записник бр.04-926/21 од 10-12-2019 година и Финална ранг листа со предлог одлука за избор на прво рангиран кандидат.

Согласно член 52 став 1 од Законот за административни службеници: ,,во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар е должно да донесе одлука за избор,,

Секретарот на Општина Новаци постапувајќи согласно наведените одредби донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против Одлуката може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација Скопје, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката, на интернет страната на Општина Новаци.

Општина Новаци
С е к р е т а р
Ангелевски Стевче

Република Македонија Општина Новаци Новаци